Врз основа на член 333 и член 401-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица одржано на ден 07.06.2019 година, со јавно и поединечно гласање со 26.997 гласа "ЗА" , ниеден глас "ПРОТИВ" и без ВОЗДРЖАНИ, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

Член 1
Член 1

Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица предлага да се изврши стекнување сопствени обични акции со откуп.

Максималниот број на обични акции што може да се откупат да се утврди на 4.000 акции во вкупна номинална вредност од 12.000.000,00 денари.

Друштвото ќе го врши откупот на сопствените акции од делот од добивките искажани од предходните години.

Член 2

Номиналната вредност на сопствените акции наведени во член 1 од оваа Одлука што Друштвото може да ги откупи да изнесува 10% од номиналната вредност на акционерскиот капитал на Друштвото.

Член 3

Откупот на акциите од член 1 на оваа Одлука да се изврши најдоцна до 04.05.2020 година.

Минималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 900,00 денари за една обична акција, а максималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 1.250,00 денари за една обична акција.

Член 4

Друштвото ќе врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

Член 5

Се овластува Одборот на директори на АД за неметали Огражден, да носи одлуки за стекнување сопствени акции ако е тоа неопходно да се спречи сериозна и непосредна штета што би ја претрпело Друштвото.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на
Собрание на акционери
Стојчев Коста